АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА**

# КОНСОЛИДИРАН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ

## ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2011

**Февруари 2012**

**СОДРЖИНА**

1. **Општи податоци**
2. **Управување со финансиски ризик**
3. **Инвестиции**
4. **Дивиденда**
5. **Финансирање**
6. **Големи зделки**
7. **Односи со поврзани субјекти**
8. **Акционерски капитал**
9. **Надомести на раководството**

**Производство и продажби**

**Консолидирани продажби**
Консолидирани вкупни продажби
Консолидирани продажби по сегменти
Консолидирани продажби на домашен пазар по сегменти
Консолидирани продажби на странски пазар по сегменти
Консолидирани продажби на странски пазар по региони / земји

**Вкупен приход, утврдување и распоредување на добивката**

Консолидирани вкупни приходи
Консолидирани вкупни расходи
Консолидиран Биланс на успех
Консолидиран Биланс на состојба
Показатели за работењето

**Број на вработени**

## 1. Општи податоци

Алкалоид АД - Скопје, матичното друштво е акционерско друштво, основано и со седиште во Република Македонија. Адресата на Друштвото е: Александар Македонски 12, Скопје
Производството на Друштвото се одвива на локациите во Скопје и Белград.

**Основна дејност** на Алкалоид АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и козметички производи и производи од билно потекло. Покрај основната дејност Алкалоид АД Скопје, согласно уписот во судскиот регистер, може да обавува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и непрехранбени производи.
**Претежна дејност** е производство на фармацевтски производи.

Акциите на Алкалоид АД - Скопје, котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Алкалоид АД Скопје се состои од тринаесет подружници и една фондација во Република Македонија и други земји. Подружниците се целосно консолидирани од моментот на воспоставување на контрола од страна на Друштвото врз истите. Подружниците се елиминираат од консолидацијата во моментот на престанок на контрола од страна на Друштвото.

Консолидираниот годишен извештај на Алкалоид АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004 и бр.84/2005,25/2007 и 87/2008) и Правилникот за водење на сметководство (Сл.Весник 94/2004, 11/2005, 116/2005, 159/2009 и 164/2010). Според овој Правилник, сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди од 2003 година утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ). Дополнувањето на овој Правилник од 10 февруари 2005 година се однесува на примена на Меѓународниот стандард за финансиско известување (МСФИ) 1, како и дополнувањето од 28 декември 2005 година за примена на МСФИ 2, 3, 4, 5, 6 и 7.

На 29 декември 2009 година донесен е нов Правилник за водење на сметководството, во кој се објавени променетите МСС, како и дополнетите и новите МСФИ, заедно со толкувањата издадени од ИАСБ до 1 јануари 2009 година. Дополнувањето на овој Правилник од 30 ноември 2010 година се однесува на МСС 10. Овој Правилник се применува од 1 јануари 2010 година.

Консолидираниот годишен извештај е изготвен во согласност со концептот на набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположиви за продажба, кои се искажани според нивната пазарна цена

Изготвувањето на Консолидираниот годишен извештај во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување бара примена на проценки и претпоставки од страна на менаџментот на Друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во консолидираниот извештај. Иако проценките на раководството се базираат на разумни информации и познавања за настаните и активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 2. Управување со финансиски ризик

**Видови финансиски ризик**
Во своето работење Компанијата е изложена на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навренено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот Одбор.

**Пазарен ризик**
**а) Ризик од промена на девизниот курс**
Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, Друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел истите да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**б) Ризик од промена на цените**
Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположиви за продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**
Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број на салда. На тој начин, управувањето со кредитниот ризикв клучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**
Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување на доволни количества на готовина, можност за обезбедување на средства за кредитирање на операциите на Друштвото.

**Каматен ризик**
Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на Друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, и истиот го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се значително помали од краткорочните, и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**
Објективната вредност на Вложените средства расположиви за продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на Билансот на состојба.

За вреднување на Вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар, се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност во иста или слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиски средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на Друштвото се базираат на искуството и останатите фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3. Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Фармација | 522.271 | 90 | 320.317 | 96 | 163 |
| Хемија Козметика Билкарство | 56.677 | 10 | 13.412 | 4 | 423 |
| **Вкупно:** | **578.948** | **100** | **333.729** | **100** | 173 |

## 4 Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 18 април 2011 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2010 година во износ од 238.564 илјади денари. Данокот на исплатената дивиденда и другите распределби од добивката изнесуваат 36.507 илјади Денари. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од задржаната добивка.

## 5 Финансирање - Кредити

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кредит** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Нетековни кредити | 60.823 | 10 | 66.636 | 11 | 91 |
| Тековни кредити | 574.159 | 90 | 530.364 | 89 | 108 |
| **Вкупно:** | **634.982** | **100** | **597.000** | **100** | **106** |

Доспевањето на кредитите е:

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Доспевање** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| До 1 година | 574.159 | 90 | 530.364 | 89 | 108 |
| Од 1 до 3 години | 60.823 | 10 | 66.636 | 11 | 91 |
| **Вкупно:** | **634.982** | **100** | **597.000** | **100** | **106** |

## 6 Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, Алкалоид АД Скопје во 2011 година нема склучено големи зделки.

Алкалои АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на Друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

## 7 Односи со поврзани субјекти

Консолидираниот годишен извештај за работењето ги опфаќа финансиските резултати од матичното друштво Алкалоид АД Скопје и следните подружници:

| | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Подружница** | **% на учество** | **% на учество** |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 100% | 100% |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 100% | 100% |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 100% | 100% |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 100% | 100% |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, Швајцарија | 100% | 100% |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 100% | 100% |
| АЛК&КОС Фармацеутицалс Шпк Приштина, | 100% | 100% |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 100% | 100% |
| Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 49% | 49% |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, | 100% | 100% |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | 100% | 100% |
| ООО Алкалоид РУС Москва, Русија | 100% | 100% |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 100% | 100% |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 100% | - |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на Алкалоид АД Скопје, освен вложувањето во Алкалоид УСА каде учеството изнесува 49%. Иако вложувањето на Алкалоид АД Скопје во Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во текот на 2010 година регистрирана е нова подружница во република Словенија, Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана. Подружницата е 100% сопственост на Алкалоид АД Скопје. Досегашната подружница во Словенија се преименува во Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана. Во текот на 2011 година регистрирана е нова подружница во Република Србија, Алкалоид Веледрогерија ДОО Белград.

Друштвото има претставништва во Русија, Украина, Босна и Херцеговина и Албанија. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансиските извештаи на матичното друштво.

## 8 Акционерски капитал

| | Број на акции | Обични акции | Сопствен и акции | Вкупно | Премии од акции |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2010** | **1.422.696** | **2.220.127** | **-13.579** | **2.206.548** | **734** |
| Откуп на сопсрвени акции | - | - | - | - | - |
| Отуѓување на сопствени акции | - | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2010** | **1.422.696** | **2.220.127** | **-13.579** | **2.206.548** | **734** |
| Откуп на сопсрвени акции | -100 | - | -157 | -157 | -241 |
| **На 31 декември 2011** | **1.422.596** | **2.220.127** | **-13.736** | **2.206.391** | **493** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 (Денари 1.551) по акција. Издадените акции се платени во целост.

Во текот на 2011 година друштвото откупи 100 сопствени акции преку Македонската берза за хартии од вредност. Од вкупните сопствени акции, 8.757 како се сопствени обични акции и 3.287 акции резервирани за поранешни сопственици од кои 3.228 приоритетни акции и 59 обични акции стекнати по основ на дивиденда.

**Заработка по акција**

(Во Ден)

| | 2011 Износ | 2010 Износ | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|
| Расположива Нето добивка (Денари) | 616.253.479 | 574.339.011 | 107 |
| Број на акции | 1.422.596 | 1.422.696 | 100 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **433,19** | **403,70** | **107** |

## 9. Надоместоци на раководството

На членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2011 и 2010 година не се исплатени надоместоци за учество во одборот.

На членовите на Надзорниот одбор на Друштвото во 2011 година вкупно се исплатени 4.032 илјади денари, додека во 2010 се исплатени 3.584 илјади денари.

**Консолидирано производство во физички обем**

(Во Тони)

| Профитен центар | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 809 | 11 | 825 | 11 | 98 |
| Хемија Козметика Билкарство | 6.851 | 89 | 6.847 | 89 | 100 |
| **Вкупно:** | **7.660** | **100** | **7.672** | **100** | **100** |

Оствареното вкупно производство во 2011 година, искажано во физички обем, изнесува 7.660 тони што е на исто ниво во споредба со оствареното во 2010 година (7.672 тони).

**Консолидирани вкупни продажби на производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Домашен пазар | 2.793.477 | 41 | 2.485.019 | 42 | 112 |
| Странски пазар | 3.944.591 | 59 | 3.449.309 | 58 | 114 |
| **Вкупно:** | **6.738.068** | **100** | **5.934.328** | **100** | **114** |

Остварените вкупни продажби на производи и услуги во 2011 година изнесуваат 6.738.068 илјади денари што во споредба со остварените продажби во 2010 година (5.934.328 илјади денари) бележат пораст за 14%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на домашен пазар за 12% и на странски пазар за 14%.

Според структурата на пазар, најголем обем на продажби, 59%, е остварен на странски пазар.

**Консолидирани вкупни продажби на производи и услуги по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Фармација | 5.597.696 | 83 | 4.979.655 | 84 | 112 |
| Хемија Козметика Билкарство | 1.140.372 | 17 | 954.673 | 16 | 119 |
| **Вкупно:** | **6.738.068** | **100** | **5.934.328** | **100** | **114** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 5.597.696 илјади денари, или 83%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи и услуги. Тие во споредба со остварените вкупни продажби во 2010 година (4.979.655 илјади денари) бележат пораст за 12%.

**Консолидирани продажби на производи и услуги на домашен пазар по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Фармација | 2.282.809 | 82 | 2.002.121 | 81 | 114 |
| Хемија Козметика Билкарство | 510.668 | 18 | 482.898 | 19 | 106 |
| **Вкупно:** | **2.793.477** | **100** | **2.485.019** | **100** | **112** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 2.793.477 илјади денари што во споредба со 2010 година (2.485.019 илјади денари) бележат пораст од 12%.

Најголем обем на продажби во износ од 2.282.809 илјади денари, или 82%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Консолидирани продажби на производи и услуги на странски пазар по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| Профитен центар | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 3.314.886 | 84 | 2.977.534 | 86 | 111 |
| Хемија Козметика Билкарство | 629.705 | 16 | 471.775 | 14 | 133 |
| **Вкупно:** | **3.944.591** | **100** | **3.449.309** | **100** | **114** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 3.944.591 илјади денари што во споредба со 2010 година (3.449.309 илјади денари) бележат пораст од 14%. Порастот на вкупниот извоз е резултат на зголемениот извоз во сите Профитни центри.
Најголем обем на продажби во износ од 3.314.886 илјади денари, или 84%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Консолидирани продажби на производи и услуги на странски пазар по региони / земји**

(Во 000 Ден)

| Регион / Земја | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Југоисточна Европа** | **2.904.918** | **74** | **2.654.681** | **77** | **109** |
| Албанија | 145.025 | 4 | 114.329 | 3 | 127 |
| Босна и Херцеговина | 617.558 | 16 | 624.039 | 18 | 99 |
| Косово | 302.740 | 8 | 269.111 | 8 | 112 |
| Србија | 947.859 | 24 | 803.817 | 23 | 118 |
| Хрватска | 716.726 | 18 | 675.663 | 20 | 106 |
| Црна Гора | 175.010 | 4 | 167.722 | 5 | 104 |
| **Русија и други земји во ЗНД** | **435.930** | **10** | **340.524** | **10** | **128** |
| Русија | 413.775 | 10 | 268.545 | 8 | 154 |
| Ерменија | 8.024 | - | 6.591 | - | 122 |
| Украина | 14.131 | - | 65.388 | 2 | 22 |
| **Западна Европа (ЕУ и ЕФТА)** | **537.765** | **14** | **412.936** | **12** | **130** |
| Бугарија | 159.930 | 4 | 148.543 | 5 | 108 |
| Велика Британија | 9 | - | - | - | - |
| Германија | 179.113 | 5 | 81.139 | 2 | 221 |
| Данска | 273 | - | - | - | - |
| Романија | 7.192 | - | 6.899 | - | 104 |
| Словенија | 188.598 | 5 | 150.193 | 4 | 126 |
| Унгарија | - | - | 25.396 | 1 | - |
| Чешка | 2.215 | - | - | - | - |
| Шведска | 17 | - | - | - | - |
| Швајцарија | 418 | - | 766 | - | 55 |
| **Други земји** | **65.978** | **2** | **41.168** | **1** | **160** |
| Австралија | 966 | - | 4.419 | - | 22 |
| Јордан | - | - | 1.239 | - | - |
| Останати земји | 8.916 | - | 1.911 | - | 467 |
| САД | 56.096 | 2 | 33.599 | 1 | 167 |
| **Вкупно:** | **3.944.591** | **100** | **3.449.309** | **100** | **114** |

Најголем пораст од 30% на продажби на производи и услуги во 2011 година, во споредба со остварените во 2010 година, бележат продажбите во земјите од западна Европа.
Најголем обем од продажбите на странски пазар, 74%, се остварени во земјите од југоисточна Европа. Во споредба со остварените продажби во 2010 година, тие бележи пораст за 9%.

## Консолидиран Биланс на успех

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| (Во 000 Ден) | Износ | % | Износ | % | 11/10 |
| **Продажби** | **6.738.068** | **96** | **5.934.328** | **96** | **114** |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -3.448.514 | -49 | -2.968.612 | -48 | 116 |
| **Бруто добивка** | **3.289.554** | **47** | **2.965.716** | **48** | **111** |
| Трошоци за истражување и развој | -45.543 | -1 | -76.484 | -1 | 60 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -2.215.549 | -31 | -1.922.228 | -31 | 115 |
| Административни трошоци | -292.637 | -4 | -257.817 | -4 | 114 |
| Резервирања за останати обврски и трошоци | -993 | - | -2.693 | - | 37 |
| Останати приходи од работењето | 310.345 | 4 | 237.904 | 4 | 130 |
| Останати расходи од работењето | -328.530 | -5 | -273.215 | -4 | 120 |
| **Добивка од работењето** | **716.647** | **10** | **671.183** | **11** | **107** |
| Курсни разлики (Нето) | -1.683 | - | -7 | - | - |
| Камати (Нето) | -52.769 | -1 | -42.458 | -1 | 124 |
| **Добивка пред оданочување** | **662.195** | **9** | **628.718** | **10** | **105** |
| Данок на добивка | -45.942 | -1 | -54.379 | -1 | 84 |
| **Нето добивка од континуирани активности** | **616.253** | **9** | **574.339** | **9** | **107** |
| Добивка/(Загуба) од дисконтинуирани активности | - | - | - | - | - |
| **Нето добивка** | **616.253** | **9** | **574.339** | **9** | **107** |
| **Расположиво на:** | | | | | |
| -Акционерите на Друштвото | 616.290 | 9 | 574.392 | 9 | 107 |
| -Малцински удел | -37 | - | -53 | - | 70 |
| **Нето добивка** | **616.253** | **9** | **574.339** | **9** | **107** |

**Видови на продажби**

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Продажба на готови производи | 5.650.503 | 80 | 5.017.122 | 81 | 113 |
| Продажба на трговски стоки | 1.030.562 | 15 | 853.702 | 14 | 121 |
| Останата продажба | 57.003 | 1 | 63.504 | 1 | 90 |
| **Вкупно:** | **6.738.068** | **96** | **5.934.328** | **96** | **114** |

**Останати приходи**

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Наплатени отпишани побарувања | 3.079 | - | 12.789 | - | 24 |
| Приходи од поранешни години | 47.950 | 1 | 33.072 | 1 | 145 |
| Приходи од дивиденда | 40 | - | 34 | - | 118 |
| Приходи од камати од тековно работење | 1.614 | - | 536 | - | 301 |
| ПКР од тековно работење | 195.420 | 3 | 112.234 | 2 | 174 |
| Останати приходи | 62.242 | 1 | 79.239 | 1 | 79 |
| **Вкупно:** | **310.345** | **4** | **237.904** | **4** | **130** |

**Финансиски приходи**

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | 328 | - | - | - | - |
| Приход од камата на кредити | - | - | 49 | - | - |
| **Вкупно:** | **328** | **-** | **49** | **-** | **-** |
| **Вкупно приходи:** | **7.048.741** | **100** | **6.172.281** | **100** | **114** |

Остварените вкупни приходи во 2011 година изнесуваат 7.048.741 илјади денари што во споредба со остварените во 2010 година претставува пораст од 14%.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, трговски стоки и останати приходи од продажба. Тие бележат пораст од 14% во споредба со остварените приходи во 2010 година.

Останатите деловни приходи учествуваат со 4% и се зголемени во споредба со 2010 година за 30%.

Финансиските приходи ги опфаќаат курсните разлики и приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на трошоци**

(Во 000 Ден)

| Расходи | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Суровини и други материјали | 1.758.383 | 28 | 1.535.443 | 28 | 115 |
| Надоместоци на вработените | 1.297.320 | 20 | 1.234.521 | 22 | 105 |
| Амортизација | 311.449 | 5 | 273.287 | 5 | 114 |
| Електрична енергија | 193.828 | 3 | 156.392 | 3 | 124 |
| Вредносно усоглсување на средствата | 25.312 | - | 28.134 | - | 90 |
| Транспортни трошоци | 122.799 | 2 | 103.068 | 2 | 119 |
| Промена на залихите | -74.982 | -1 | 62.626 | 1 | - |
| Набавна вредност на трговски стоки | 931.720 | 14 | 742.234 | 13 | 126 |
| Останати расходи од оперативно работењето | 1.437.407 | 23 | 1.092.129 | 20 | 132 |
| | **6.003.236** | **94** | **5.227.834** | **94** | **115** |

**Трошоци на вработените**

(Во 000 Ден)

| Расходи | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Бруто плати | 1.103.646 | 17 | 1.064.133 | 19 | 104 |
| Останати трошоци на вработени | 193.674 | 3 | 170.388 | 3 | 114 |
| | **1.297.320** | **20** | **1.234.521** | **22** | **105** |

**Останати расходи**

(Во 000 Ден)

| Расходи | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Затезни камати и пенали од тековно работење | 2.609 | - | 1.341 | - | 195 |
| Негативни курсни разлики од тековно работење | 228.504 | 4 | 130.301 | 3 | 175 |
| Расходи од минати години | 18.814 | - | 21.954 | - | 86 |
| Останато | 78.603 | 1 | 119.619 | 2 | 66 |
| | **328.530** | **5** | **273.215** | **5** | **120** |

**Трошоци на финансирање**

(Во 000 Ден)

| Расходи | 2011 Износ | % | 2010 Износ | % | Инд 11/10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Негативни курсни разлики од кредити | 2.045 | - | 7 | - | - |
| Камати на кредити | 52.734 | 1 | 42.508 | 1 | 124 |
| **Вкупно:** | **54.779** | **1** | **42.515** | **1** | **129** |
| **Вкупно расходи:** | **6.386.545** | **100** | **5.543.564** | **100** | **115** |

Остварените вкупни расходи во 2011 година изнесуваат 6.386.545 илјади денари што во споредба со остварените во 2010 година (5.543.564 илјади денари) бележат пораст за 15%.

Во структурата на вкуните расходи најголемо учество од 28% имаат Суровините и материјалите. Трошоците за вработените учествуваат со 20%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 5%. Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат само трошоците по основ на кредити, учествуваат со 1%.

Остварената консолидирана Добивка пред оданочување во 2011 година изнесува 662.195 илјади денари што во во споредба со остварената во 2010 година (628.718 илјади денари) бележи пораст за 5%. Учеството на консолидираната Добивка пред оданочување во 2011 година во вкупниот приход изнесува 9%.

Пресметаниот консолидиран Данок на добивка за 2011 година изнесува 45.942 илјада денари и во споредба со 2010 година (54.379 илјада денари) бележи намалување за 16%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2011 година изнесува 616.253 илјади денари што во споредба со остварената во 2010 година (574.339 илјади денари) бележи пораст за 7%. Учеството на консолидираната Нето добивка во 2011 година во вкупниот приход изнесува 9%.

## Консолидиран Биланс на состојба

(Во 000 Ден)

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **11/10** |
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Нематеријални средства | 521.285 | 6 | 363.545 | 4 | 143 |
| Материјални средства | 3.847.724 | 44 | 3.745.904 | 46 | 103 |
| Вложувања во хартии од вредност | 4.442 | - | 5.695 | - | 78 |
| Останати долгорочни побарувања | 55.440 | 1 | 40.955 | 1 | 135 |
| Одложено даночно средство | 14.849 | - | 10.557 | - | 141 |
| **Вкупно постојани средства:** | **4.443.740** | **51** | **4.166.656** | **51** | **107** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 1.647.549 | 19 | 1.499.576 | 18 | 110 |
| Побарувања од купувачите | 2.238.474 | 25 | 2.176.305 | 27 | 103 |
| Останати побарувања | 269.858 | 3 | 195.500 | 2 | 138 |
| Пари и парични еквиваленти | 188.824 | 2 | 149.686 | 2 | 126 |
| **Вкупно тековни средства:** | **4.344.705** | **49** | **4.021.067** | **49** | **108** |
| **Вкупно средства:** | **8.788.445** | **100** | **8.187.723** | **100** | **107** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.206.391 | 25 | 2.206.548 | 27 | 100 |
| Премии од акции | 493 | - | 734 | - | 67 |
| Законски резерви | 599.909 | 7 | 599.813 | 7 | 100 |
| Останати резерви | 1.538.559 | 17 | 1.504.953 | 19 | 102 |
| Задржана добивка | 2.608.105 | 30 | 2.284.072 | 28 | 114 |
| Малцински удел | 1.239 | - | 1.275 | - | 97 |
| **Вкупно капитал:** | **6.954.696** | **79** | **6.597.395** | **81** | **105** |
| **Обврски** | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 1.164.171 | 13 | 937.039 | 11 | 124 |
| Обврски за краткорочни кредити | 574.159 | 7 | 530.364 | 7 | 108 |
| Данок на добивка | 9.600 | - | 13.201 | - | 73 |
| **Вкупно тековни обрски:** | **1.747.930** | **20** | **1.480.604** | **18** | **118** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 60.823 | 1 | 66.636 | 1 | 91 |
| Одложени даночни обврски | 8.436 | - | 27.521 | - | 31 |
| Долгорочни резервирања | 16.560 | - | 15.567 | - | 106 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **85.819** | **1** | **109.724** | **1** | **78** |
| **Вкупно обврски:** | **1.833.749** | **21** | **1.590.328** | **19** | **115** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **8.788.445** | **100** | **8.187.723** | **100** | **107** |

## Показатели од работењето

| Показатели | 2011 | 2010 | (Во %) Инд 11/10 |
|---|---|---|---|
| Профитабилност (Нето добивка/Вкупни приходи) | 8,74 | 9,31 | 94 |
| Профитабилност (Нето добивка/Продажби) | 9,15 | 9,68 | 94 |
| ЕБИТДА | 15,26 | 15,92 | 96 |
| Тековен коефициент | 2,49 | 2,72 | 92 |
| Коефициент на задолженост (Вкупни кредити-Парични средства/Капитал) | 6,42 | 6,78 | 95 |
| Поврат на капиталот (Нето добивка/Капитал) | 8,86 | 8,71 | 102 |
| Поврат на средствата (Нето добивка/Средства) | 7,01 | 7,01 | 100 |

## Број на вработени на ден 31 декември

| | 2011 | | 2010 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Позиција** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **11/10** |
| Фармација | 892 | 65 | 871 | 66 | 102 |
| Хемија Козметика Билкарство | 184 | 13 | 180 | 14 | 102 |
| Корпоративни служби | 298 | 22 | 271 | 20 | 110 |
| **Вкупно** | **1.374** | **100** | **1.322** | **100** | **104** |

Вкупниот број на вработени со состојба на 31 декември 2011 година изнесува 1.374 што во споредба со вкупниот број на вработени во 2010 година претставува пораст за 4%.

**22.02.2012**

**Генерален директор,**
**Живко Мукаетов**